Република Северна Македонија - Republika e Maqedonisë së Veriut
Republic of North Macedonia
Национална Установа-Национален конзерваторски центар, Скопје
Institucioni Nacional-Qendra nacionale e konservimit, Shkup
National Institution-National Conservation Center, Skopje

| Примено: E pranuar: | 20.07.2021 | | |
|---|---|---|---|
| Орг. Един. Nj. org. | Број Numer | Прилог Shtojca | Вредност Vlera |
| 02 | 304/2 | | |

РЕПУБЛИКА СЕВЕРНА МАКЕДОНИЈА
МИНИСТЕРСТВО ЗА КУЛТУРА
Бр. 44-9064/2
16.07 2021 год.
Скопје

Врз основа на член 55 став 1 од Законот за организација и работа на органите на државната управа („Службен весник на Република Македонија" бр.58/00, 44/02, 82/08, 167/10 и 51/11 и „Службен весник на Република Северна Македонија" бр.96/19 и 110/19), а во врска со член 35 став 3 од Законот за културата („Службен весник на Република Македонија" бр. 31/98, 49/03, 82/05, 24/07, 116/10, 47/11, 51/11, 136/12, 23/13, 187/13, 44/14, 61/15, 154/15, 39/16 и 11/18), министерот за култура го донесе следново

# РЕШЕНИЕ
## за разрешување на членови на Управниот одбор на Националната установа Национален конзерваторски центар - Скопје

1. Со ова решение се разрешуваат членовите на Управниот одбор на НУ Национален конзерваторски центар - Скопје, **Мери Цветковска,** претставник од редот на истакнати поединци од областа на културата и **Љуљзиме Агаи Пруси,** претставник од редот на вработените во установата.

2. Членовите на Управниот одбор на Националната установа Национален конзерваторски центар - Скопје, Мери Цветковска и Љуљзиме Агаи Пруси се разрешуваат поради истек на мандатот за периодот за којшто биле именувани.

## Образложение

Министерот за култура на ден 04.08.2017 година донесе Решение бр.43-7336/2 со кое за членови на Управниот одбор на НУ Национален конзерваторски центар - Скопје ги именуваше Мери Цветковска, претставник од редот на истакнати поединци од областа на културата и Љуљзиме Агаи Пруси, претставник од редот на вработените во установата.

Претседателот и членовите на управниот одбор на националната установа се именуваат врз принцип на стручност и компетентност за време од четири години и може повторно да бидат именувани. Претседателот и членовите на управниот одбор можат да бидат разрешени пред истекот на мандатот доколку работат спротивно на закон или установата не ја остварува својата функција.

Министерот за култура, имајќи го предвид претходно наведеното, одлучи како во диспозитивот на ова Решение.

**МИНИСТЕР**

**Ирена Стефоска**

Изработил: м-р Кристијан Јорданов, Советник
Согласен: Бранко Костовски, Раководител на сектор

РЕПУБЛИКА СЕВЕРНА МАКЕДОНИЈА
МИНИСТЕРСТВО ЗА КУЛТУРА
Бр. 44-9064/3
16.07 2021 год.
Скопје

Република Северна Македонија - Republika e Maqedonisë së Veriut
Republic of North Macedonia
Национална установа-Национален конзерваторски центар Скопје
Institucioni Nacional-Qendra nacionale e konservimit Shkup
National Institution-National Conservation Center, Skopje

| Примено: E pranuar | 20.07.2021 | | |
|---|---|---|---|
| Орг. Един. Nj. org | Број Numër | Прилог Shtojcë | Вредност Vlera |
| 02 | 304/3 | | |

Врз основа на член 55 став 1 од Законот за организација и работа на органите на државната управа („Службен весник на Република Македонија" бр.58/00, 44/02, 82/08, 167/10 и 51/11 и „Службен весник на Република Северна Македонија" бр.96/19 и 110/19), а во врска со член 35 став 2 од Законот за културата („Службен весник на Република Македонија" бр. 31/98, 49/03, 82/05, 24/07, 116/10, 47/11, 51/11, 136/12, 23/13, 187/13, 44/14, 61/15, 154/15, 39/16 и 11/18), министерот за култура го донесе следново

# РЕШЕНИЕ
## за именување на членови на Управниот одбор на Националната установа Национален конзерваторски центар - Скопје

1. За членови на Управниот одбор на Националната установа Национален конзерваторски центар - Скопје, се именуваат:

а) претставник од редот на истакнати поединци од областа на културата:
- Јасмина Хаџиева Алексиевска, член;

в) претставник од редот на вработените во установата:
- Јехона Спахиу Јанчевска, член;

2. Членовите на Управниот одбор се именуваат со мандат од 4 години.

## Образложение

Со писмо бр.02-304/1 од 13.07.2021 година, Националната установа Национален конзерваторски центар - Скопје се обрати до Министерството за култура на Република Северна Македонија, со кое за членови на Управниот одбор на НУ Национален конзерваторски центар - Скопје ги предложи: Јасмина Хаџиева Алексиевска, претставник од редот на истакнати поединци од областа

на културата и Јехона Спахиу Јанчевска, претставник од редот на вработените во установата.

Согласно член 35 став 2 од Законот за култура, Управниот одбор го сочинуваат пет претставници кои ги именува и разрешува министерот за култура од кои двајца се претставници од редот на истакнати поединци од областа на културата, еден е од локалната самоуправа и двајца претставници од вработените во установата. Во установа со помалку од десет вработени, во управниот одбор се именува еден член од вработените, еден од локалната самоуправа и три члена од редот на истакнати поединци од областа на културата. Претставникот на локалната самоуправа во управниот одбор го предлага градоначалникот на единицата на локалната самоуправа каде што се наоѓа седиштето на установата.

Министерот за култура, имајќи го предвид претходно наведеното, одлучи како во диспозитивот на ова Решение.

**МИНИСТЕР**

**Ирена Стефоска**

Изработил: м-р Кристијан Јорданов, Советник
Согласен: Бранко Костовски, Раководител на сектор